*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| Службен гласник на Општината Штип Излегува по потреба | Број 2 24 февруари 2006 година Ш т и п | ГОДИНА XLIII |
|---|---|---|

41.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАДОМЕСТОЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување надоместоци на членовите на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-507/2
24 февруари 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

42.

Врз основа на член 100 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", број 05/02) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 17 февруари 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАДОМЕСТОЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Во Одлуката за определување надоместоци на членовите на Советот на Општината Штип ("Службен глансик на Општината Штип", број 5/05), во член 1 по точка 1 се додава нова точка 2 која гласи: надоместок за присуство на седници на постојаните и повремените комисии формирани од Советот, без оглед на бројот на одржаните седници во месецот и нивното времетраење, во висина од 30% месечно од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена во последните 3 месеци.

На членовите на повремените комисии кои не се членови на Советот надоместокот изнесува 400 денари по седница на Комисија.

Точките 2 и 3 стануваат точки 3 и 4.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-507/1
17 февруари 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

43.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ПОРАНЕШНА ПИ "МАКЕДОНКА"-ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за поранешна ПИ "Македонка"-Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-508/2
24 февруари 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

44.

Врз основа на член 22 и член 26 точка 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ", број 51/05) и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 17 февруари 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОРАНЕШНА ПИ "МАКЕДОНКА"-ОПШТИНА ШТИП

### Член 1

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за поранешна ПИ "Македонка"-Општина Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП "Штип-проект"-Штип со тех. број 03/05.

### Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- Текстуално образложение
- Графички прилози според законските одредби
- Одредби за реализација на урбанистичката документација
- Стручна ревизија на урбанистичката документација
- Одговор на стручна ревизија
- Согласност број 0701-1544/9 од 23.01.2006 година од Министерството за транспорт и врски-Сектор за уредување на просторот.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-508/1
17 февруари 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

45.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА "СЕВЕР"-ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за индустриска зона "Север"-Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-509/2
24 февруари 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

46.

Врз основа на член 22 и член 7 точка 2 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ", број 4/96, 28/97, 18/99, 53/01 и 45/02), а во врска со член 80 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ", број 51/05) и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 17 февруари 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА "СЕВЕР"-ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за Индустриска зона "Север"-Општина Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП "Штип-проект"-Штип со тех. број 12/05.

Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- Текстуално образложение
- Графички прилози според законските одредби
- Одредби за реализација на урбанистичката документација
- Стручна ревизија на урбанистичката документација
- Одговор на стручна ревизија
- Согласност број 13-11236 од 27.09.2005 година од Министерството за транспорт и врски-Сектор за уредување на просторот.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-509/1
17 февруари 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

47.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
## ЗА 2010 (БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ)-ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Генерален урбанистички план за 2010 (Бензиски станици)-Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-510/2
24 февруари 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

48.

Врз основа на член 22 и член 26 точка 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ", број 51/05) и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 17 февруари 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
## ЗА 2010 (БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ)-ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се утврдува Нацрт-Генерален урбанистички план за 2010 (Бензински станици)-Општина Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП "Штип-проект"-Штип со тех. број 53/05.

Член 2

Нацрт-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- Текстуално образложение
- Графички прилози според законските одредби
- Одредби за реализација на урбанистичката документација
- Стручна ревизија на урбанистичката документација
- Одговор на стручна ревизија

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-510/1
17 февруари 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

49.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ
НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА
ОПШТИНАТА ШТИП ЗА 2006 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Штип за 2006 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-511/2
24 февруари 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

50.

Врз основа на член 43 член 45 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ", број 53/01), врз основа на Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост ("Службен весник на РМ", број 80/01) и врз основа на член 21 точка 8 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на ден 17 февруари 2006 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2006 ГОДИНА

## ВОВЕД

Оваа Програма претставува континуитет на превземените активности за уредувањето на градежното земјиште од предходните години и се базира на досегашното искуство во спроведувањето на урбанистичките планови и потребите за планско уредување на градот. Според тоа, реализацијата на урбанистичките планови исклучиво ќе се одвива согласно оваа програма.

Со Програмата особено се утврдуваат:

1. Локалитетите кои ќе се уредуваат во 2006 година;
2. Обем на работа на подготвување и расчистување на градежното земјиште.
3. Обемот на уредување и степенот на опремување на земјиштето со комунални објекти и инсталации;
4. Изворите на средства за финансирање на активностите околу уредувањето на градежното земјиште и изградбата на комунална инфраструктура;
5. Висината на надоместокот за доделување и уредување на градежното земјиште по зони;
6. Начин на пресметување на трошоци за уредување на градежното земјиште и висина на надомест;
7. Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти.

И покрај тоа што со оваа Програма се дефинирани обврските за уредување на градежното земјиште, истата е отворена за измени и дополнувања и во неа можат да бидат вградени и евентуални други задачи доколку има потреба и се создадат услови и финансиски средства за нивна ургентна реализација во текот на 2006 година.

Програмата е релативно обемна и сеопфатна со цел да се овозможи задоволувањето на потребите на градежната оператива, граѓаните и другите субјекти за изградба на деловни и стопански објекти, станбени згради и друго што од своја страна треба да го спречи незаконитото градење кое перманентно преставува проблем на градот.

## 1. ЛОКАЛИТЕТИ КОИ ЌЕ СЕ УРЕДУВААТ ВО 2006 ГОДИНА

Како градежно земјиште се смета изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Штип со населбите, како и подрачјето за станбена и друга изградба одредени со Генералниот урбанистички план на град Штип.

Во текот на 2006 година ќе се продолжи со уредување во следните населби: "Баби 5", "Баби 6", "Дузлак", дел од населба "Св. Недела", "Сењак", "Радански пат", "Блок 90", "8-ми Ноември", во стар дел на градот во постојното градско ткиво, индустриска зона "Каленица", населба "Балканска", населба "Железничка", станб. нас."Каваклија" и "Блок 2000", индустриска зона "Север" и индустриската зона ( кај Стококооп).

Исто така ќе се продолжи и со уредување на селските населби за кои има донесено урбанистички планови и тоа: "Чардаклија", Караорман", "Софилари", "Лакавица", "Лесковица", "Селце" и приградската населба "Три Чешми", во зависност од условите и можностите ќе се уредуваат само делумно.

Програмата ќе биде отворена и во неа ќе бидат вградени и други локации за кои ќе има потреба од нивна ургентна реализација. Пресметувањето на надоместокот за уредување ќе се врши спрема стварните трошоци.

## 2. ОБЕМ НА РАБОТА НА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Овде се опфатени сите активности поврзани со расчистување на предвидените локалитети во смисла на регулирање на имотно правните односи, (во колку се работи за приватно земјиште), расчистување на постоечки инсталации и други пречки кои ќе се јават при отпочнувањето на уредувањето на градежното земјиште.

## 3. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ СО КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ

3.1.Обемот на уредување на градежното земјиште, како и степенот на опремување ќе опфаќа:

Секоја индивидуална и колективна станбена зграда и деловен објект ќе добие пристап на улици, приклучок на водовод и фекална канализација до1 метар во тротоар од парцелата, електрична (воздушна или подземна) мрежа до столбно место или улично ормарче и улично осветлување.

Трошоците за подготвување на градежното земјиште (фундирање), дворно уредување, изградба на потпорни зидови кои се во функција на локацијата, оградни зидови, пристапни патеки, паркиралишта, во склоп на локацијата , дворно зеленило, приклучни такси, изградба на боксови за контејнери, канти за ѓубре, експропријација, паѓаат на товар (целосно) на инвеститорот на објектот.

### 3.2. Локалитети каде ќе се врши уредување

3.2.1. Индустриска зона "Север" - локалитет до Републичка сообраќајна полиција.

Во индустриска зона "Север" се предвидува уредување на дел од урбанистичкиот план на зоната во која се опфатени 15 парцели со вкупна површина од 30.700,00 м$^2$. Од тие 15 парцели недоделени се 3 парцели:

- Парцела број 44 со вкупна површина од 2.542,00 м$^2$, со минимум корисна површина од 910 м$^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа парцела изнесува 1.758.630,00 ден.

- Парцела број 47 со вкупна површина од 1.764,00м$^2$, со минимум корисна површина 780м$^2$, надомест за уредување на градежно земјиште изнесува 1.507.400,00 денари.

- Парцела број 51 со вкупна површина од 4.170,00м$^2$ со минимум корисна површина од 1.600,00м$^2$,надомест за уредување на градежно земјиште изнесува 3.092.100,00 денари.

Овие урбанистички парцели може да се делат на помали делови доколку за тоа има интерес и дозволуваат техничките услови. Доколку со урбанистичка промена се овозможи додела на преостанатите урбанистички парцели, истите ќе бидат предмет на додела согласно оваа Програма.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици во функција на 15 парцели , водовод и канализација , изградба на трафостаница и електрична подземна кабловска мрежа до улично ормарче и улично осветлување. Секоја локација ќе биде обезбедена со 30-40 KW во зависност од големината на локацијата.

Уредувањето на индустриска зона "Север" ќе биде етапно во зависност од убраните средства од истите.

3.2.2. Трговски центар "Сењак 2"

- Парцела број 4 со минимум на корисна површина од 1.200,00 м$^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа парцела изнесува 3.784.200,00 денари.

- Парцела број 5 со минимум на корисна површина од 900 м$^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа парцела изнесува 2.838.150,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици во функција на 5 парцели , изградба на електрична мрежа до улично ормарче и улично осветлување. Уредувањето на трговски центар "Сењак 2" ќе биде етапно во зависност од убраните средства од истите.

Сењак 1, 2, 3-станбена зона

Две урбанистички парцели блок10, блок 23,со вкупна корисна површина од 5278.50 м$^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за овие парцели изнесува 9.762.585,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици во функција на 2 парцели, водовод и канализација, изградба на трафостаница и електрична подземна кабловска мрежа до улично ормарче и улично осветлување.

Уредувањето ќе биде етапно во зависност од убраните средства од истите.

3.2.3. Населба "Баби "

- работна зона

Четири урбанистички парцели со вкупна корисна површина од 3.120,00 м$^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за овие парцели изнесува 8.327.280,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици во функција на 4 парцели, водовод и канализација и електрична мрежа до улично ормарче и улично осветлување.Уредувањето на работна зона "Баби 5" ќе биде етапно во зависност од убраните средства од истите.

Девет урбанистички парцели со вкупна површина од 450м$^2$, со вкупен надоместок за уредување на градежно земјиште од 1.413.000,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици,водовод,фекална канализација и електрична енергија со јачина од 0,08 КВ/ м$^2$ корисна површина.

- станбена зона

Десет урбанистички парцели кај сокара "АДА" со надоместокот за уредување на градежно земјиште од 324.000,00 денари. по парцела или вкупно 3.240.000,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици во функција на 10 парцели, водовод и канализација, изградба на електрична мрежа до улично ормарче и улично осветлување. Уредувањето на станбена зона "Баби 5" ќе биде етапно во зависност од убраните средства од истите.

- станбена зона на ул. "11$^{ти}$ Конгрес"

Седум урбанистички парцели со надоместокот за уредување на градежно земјиште од 324.000,00 денари по парцела или вкупно 2.268.000,00 денари.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици во функција на 7 парцели , водовод и канализација , изградба на електрична мрежа до улично ормарче и улично осветлување.Уредувањето на станбена зона на ул "11$^{ти}$ Конгрес" ќе биде етапно во зависност од убраните средства од истите.

Девет урбанистички парцели на новопроектирана улица број 6 од населба "Баби 6" и тоа: ур пар. 5.5; 5.6; 5.7; 5.8; 5.9; 5.10; 5.11; 5.12 и 5.13 со вкупна површина од мин 1530 м$^2$ корисна или 2.952.450,00 денари.

3.2.4. Индустриска зона "Каленица"

За индустриската зона "Каленица" надоместокот за преостанатата недоделена урбанистичка парцела број 5 со површина од 5.234,00 м$^2$ изнесува 180 денари/м$^2$ за површината на парцелата или вкупно 942.120,00 денари.

Уредувањето ќе биде делумно согласно точка 3.5 од Програмата.

3.2.5. Дел од индустриска зона (Кај Стококооп)

- Две урбанистички парцели со вкупна корисна површина од 2.200,00 м$^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за овие парцели изнесува 2.550.000,00 ден.

Обемот на уредување ќе опфаќа изградба на пристапни улици во функција на 2 парцели, и канализација.

Изградбата на електрична мрежа до улично ормарче и улично осветлување ќе биде на трошок на инвеститорите. Исто така и изградбата на водовод ќе биде на трошок на инвеститорите

Уредувањето на дел од индустриска зона ќе биде етапно во зависност од убраните средства од истите.

3.2.6. Работна зона "Балканска"

Мало стопанство 3 урбанистички парцели со вкупно 2830 м2 корисна површина

Зона за сервиси и услуги (кај Нико Петрол) 8 урбанистички парцели со вкупно 2.755.0 м$^2$.

Цената на уредувњето ќе биде по стварните трошоци.

Обемот на уредување ќе биде делумен со обезбедување на пристапен пат и фекална канализација и ќе се применат процентите согласно точка 5 од Програмата.

3.2.7. Станбена зона "Дузлак"

Шест урбанистички парцели со вкупна корисна површина од 1.020,00 м$^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за овие парцели изнесува 2.148.120,00 ден.

Уредувањето ќе биде делумно согласно точка 3.5 од Програмата.

3.2.8. Бензинска станица "Сењак"

Една урбанистичка парцела со вкупна корисна површина од 2526.00 м$^2$, надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа парцела изнесува 7.965.741,00 ден.

3.2.9. Станбена зона "Блок 2000"

Целосно реализација на нас. "Блок 2000" и тоа 20 урбанистички парцели со вкупно 500 00м$^2$ корисна површина.

Цената по м$^2$ ќе биде по стварните трошоци на уредување и ќе изнесува 4177 денари м$^2$ корисна површина.

За парцелите со броевите од 2001 до 2018 ќе се пресметува комунален надоместок за минимум 200 м$^2$ корисна површина.

За парцелата 2019 ќе се пресметува комунален надоместок за минимум 800 м$^2$ корисна површина.

За парцелата 2020 ќе се пресметува комунален надоместок за минимум 600 м$^2$ корисна површина.

Уредувањето ќе започне по уплатата на 70%од средствата предвидени за комунален надоместок за целосно уредување, а комуналниот надоместок треба да се уплати во целосен износ по склучување на договорот за плаќање на комунален надоместок за уредување на градежно земјиште.

Доколку уредувањето е со повеќе стварни трошоци од оние кои треба да се добијат со пресметувањето на комуналниот надоместок за соодветната зона, пресметувањето на надоместокот за уредување ќе биде согласно нив.

**3.3. Доградба и надградба на постојните легално изградени објекти**

За доградба и надградба на легално изграден објект со иста намена на просторот како постојниот објект (освен за надградба со поткровни површини), за површина до една половина од постојниот објект ќе се наплатува 50% од висината на надоместокот од соодветната зона.

За доградба и надгрдба на објект со површина поголема од една половина на постојниот објект ќе се наплатува 100% од висината на надоместокот од соодветната зона.

Кога се врше доградба-надградба на објект со несоодветна намена (деловен врз гаража,станбен врз гаража и слично)комуналниот надоместок ќе се наплатува во целосен износ - 100%од висината на надоместокот од соодветната зона т.е нема да важи став 1 од оваа точка.

Правото на попуст за доградба-надградба ќе се применува само за објекти за кои градежното одобрение е издадено најмалку пред десет години,а во останатите случаи надоместокот ќе се пресметува 100%од соодветната зона.

### 3.4. Изградба на објекти на локација на која се руши легално изграден стар објект

Инвеститорот кој гради нов индивидуален станбен или деловен објект, а на локацијата се руши постоечки објект кој е легално изграден во постојното градско ткиво, пресметувањето на надомстокот за уредување на градежното земјиште ќе се врши на следниот начин:

Ќе се изврши премер на корисната станбена или деловна површина која треба да се руши , постојната површина се одбива од новопредвидената, а за останатата површина се применува точка 3.3 од оваа програма.

Доколку постоечкиот објект е срушен и не може да се изврши премер на неговата инвеститорот треба да приложи поседовен лист од Републичка геодетска управа и тоа само едно ниво намалено за 30% за ѕидови.

Пресметувањето на комуналниот надоместок ќе се врше врз основа на проектната документација која е изработена според условите за градба издадени од Министерството за транспорт и врски а согласно ДУП.

Ако површината на новиот објект е иста или помала од постоечкиот објект што ќе се руши, тогаш инвеститорот не плаќа комунален надоместок, а има да се приклучи на постојните комунални приклучоцисо веќе одреден капацитет ( водовод, канализација, електрична енергија).

Во колку инвеститорот бара да биде приклучен на нов комунален приклучок со зголемен капацитет (поголем капацитет на електрична енергија, водовод, или канализација), инвеститорот го плаќа на ЈП реалниот трошок за проектирање и изведување на било кој комунален приклучок.

Во централното градско подрачје при изградба на заеднички и колективни објекти (комбинирани деловни и станбени објекти) со битно зголемување на корисната површина од постојната, према ДУП трошоците за уредувањеке се пресметуваат према реалните трошоци за уредување (нови приклучоци на водовод, канализација електрика), на улица, тротоар, дворни уредувања и сл.

Доколку има потреба од изградба на нови приклучоци (водовод, фекална канализација, електрика) или изместување на инсталации (водовод ,фекална канализација, електрика) на постојната локација (за објекти со површина зголемена до мах. 50% од постојната), тие ќе паднат на терет на инвеститорот.

### 3.5 Изградба на објекти на делумно уредено земјиште

За доделени објекти на локалитети кои се делумно уредени ќе се плаќа надомст од 20% од соодветната зона со тоа да корисниците сами ќе го доуредат земјиштето и тоа сами ќе го решат пристапот до локацијата и сите потребни доводи од потребните инсталации (вода, канализација, струја, ПТТ приклучоци) во согласност со Програмата за уредување на градежно земјиште.

Во случаите каде што корисниците на изградени објекти имаат вонплански објект и се вклопени во ДУП, а комуналната инфраструктура (водовод, канализација, електрика) ја решиле сами и истата се вклопува во ДУП, трошоците за надоместок ќе бидат намалени за делот кој е веќе вклопен. Ако е потребно инфраструктурата да се преуреди, цената ќе се пресмета по стварните трошоци.

Уплатените средства за комунален надомест во висина од 20% од соодветната зона се средства за направените трошоци за геодетска и

урбанистичка документација,проектирање и одржување на постојната инфраструктура.

### 3.6. Пренамена на просторот

Инвеститорот кој врши пренамена на веќе изградениот простор од станбен во деловен ќе доплати надоместок во износ на разликата помеѓу поранешната намена на просторот и пресметковната вредност на новата намена по цена која важи во моментот на пресметката.

За пренамена од јавен,деловен производен во станбен простор,не се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште.

### 3.7. Нерегулирани обврски

Нерегулираните обврски на инвеститорите во уредувањето на градежното земјиште (утврдени разлики во изградената површина, или објекти градени без платен комунален надоместок за уредување на градежното земјиште) ќе се регулираат и наплатат по цени што ќе важат на денот на плаќањето односно на денот на утужувањето.

Нерегулираните обврски ќе се утврдат со извршен премер од страна на одредена комисија од јавното претпријатие за вршење на ваков премер и истите ќе се регулираат со склучување на договор или анекс-договор.

## 4. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОКОЛУ УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ИЗГРАДБАТА НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Изворите на средствата за финансирање на активностите околу уредувањето на градежното земјиште, реконструкција и изградба на улици и изградба на комуналната инфраструктура во 2006 година се:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште | 25.694.740,00 |
| 2. | Други приходи | 1.500.000,00 |
| | **ВКУПНО** | 27.194.740,00 |

Во финансирањето на уредувањето на градежното земјиште учествуваат и комуналните органузции (ПТТ, ЈП "Исар" и "Електроисток") во висина од 20% од трошоците за уредување од нивната инсталација, доколку со објектите на инфраструктурата стопанисуваат овие субјекти.

## 5. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО НАСЕЛБИ И ЗОНИ

Просечниот надоместок за уредување на градежно земјиште по еден $м^2$ изградена корисна површина како надоместок за 2006 се утврдува како следува:

| | | I ден/$м^2$ | II ден/$м^2$ | III ден/$м^2$ | IV ден/$м^2$ |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Индивидуални стан. објекти (мин.170м$^2$), Колективни станбени објекти | 2.900 | 2.470 | 2.110 | 1.740 |
| 2. | Деловни објекти | 3.780 | 3.160 | 2.670 | 2.250 |

Надоместокот за уредување на градежно земјиште за нас."Блок 85/90" изнесува:

- Индивидуални и колективни станбени згради: .......................... 2.900,00 ден/м$^2$
- Деловни објекти:...................................................................... 3.780,00 ден/м$^2$

Во населба "Баби 5" и "Баби 6", за самостојни станбени објекти 2.150,00 ден/м$^2$ (за минимум 170 м$^2$) и лепени објекти 1.790 ден/м$^2$ (за минимум 130 м$^2$) корисна површина.

За објекти за инфраструктура се наплаќа надомест од 100 % по м$^2$ корисна површина од соодветната градежна зона.

За индустриската зона "Каленица" надоместкот за преостанатата недоделена урбанистичка парцела бр. 5 со површина од 5.234,00 м$^2$ изнесува 180 денари/м$^2$ за површината на парцелата. Предвидените средства се за веќе направените трошоци за урбанистичка и техничка документација и за веќе изградената магистрална инфраструктура. Уредувањето на градежното земјиште го врши инвеститорот.

За доделени локации во индустриската зона "Север" надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 1.935,00 ден./м$^2$ корисна површина.

За доделени локации во Станбена зона "Блок 2000" надоместокот за уредување на градежно земјиште изнесува 4.177 денари м$^2$ корисна површина.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште во урбанизираните селски населби изнесува 10% од IV зона, а тоа се трошоци за изработка на урбанистичката и техничката документација.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште надвор од опфатот на ГУП ќе се уплатува 10% од надоместокот кој важи за IV зона. Предвидените средства се за веќе направените трошоци за техничката документација.

Со цел да се легализираат огромниот број нелегално изградени објекти се дава можност корисниците да го платат комуналниот надоместок за уредување на градежно земјиште етапно, а во зависност од тоа и уредувањето да биде етапно,во согласност со висината на уплатениот дел,а по убрани 70% на средствата од корисниците во одделна населба -зона што ќе се уредува. Во случај на делумно уредување ќе се применат следниве проценти за наплата на надоместок за уредување на градежно земјиште спрема соодветните зони и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на улици | 49% |
| 2. | Изградба на водовод и канализација | 21% |
| 3. | Електронапојување | 30% |
| | **ВКУПНО** | 100% |

Корисниците на локациите во согласност со програмата за уредување на градежното земјиште ќе извршат уредување на земјиштето.

Кога висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно трошковникот е до 30.000,00 денари тогаш корисникот го плаќа целиот износ веднаш.

Кога висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно трошковникот е од 30.000,00 денари до 100.000,00 денари тогаш 50% од овој износ се плаќа веднаш,а остатокот на шест (6) еднакви рати.

Кога висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно трошковникот е над 100.000,00 денари, тогаш 50% од овој износ корисникот треба да го плати веднаш, а остатокот на дванаесет (12) рати.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува најмногу на 12 месечни рати и учество од 50% од вкупниот износ со инструмент за обезбедување на плаќањето (граѓански чекови, барирани чекови).

Вакво плаќање нема да се применува за објектите кои ќе се градат во новите населби каде е неопходно целосно уредување.

За деловни објекти кои се наоѓаат во постоечките индустриски локалитети (поранешна ПИ "Македонка", МК "Астибо" и "Метална") за кои како инвеститор се јавува правно лице кое со изградбата на производен капатитет ќе овозможи нови вработувања, наплатата на комуналниот надоместок за уредување ќе се врши на следниот начин:

1. до 10 нови вработувања - 30% од вредноста
2. од 10 до 50 нови вработувања - 25% од вредноста
3. од 50 до 200 нови вработувања - 20% од вредноста
4. над 200 нови вработувања - 15% од вреднсота за цената во соодветната зона.

Доколку се јави потреба од дополнителното доуредување на инфраструктурата ќе биде на товар на инвеститорот.

Инвеститорот кој ќе ги користи напред наведените ослободувања е должен да приложи нотарски заверена изјава дека:

1. ќе го оствари наведениот број варботувања по пуштање на објектот во функција
2. да го одржи тој број вработени најмалку 5 години.

Изјавата на инвеститорот од претходниот став е составен дел на Договорот за платен комунален надоместок.

За следењето на бројот на вработувањата поради што инвеститорот ги користи наведените ослободувања истиот е должен да достави потврда од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на почетокот на фукционирањето на објектот и на секои 6 месеци во рок од 5 години.

Доколку инвеститорот не ги исполнува условите од став 17-21, истиот е должен да го плати комуналниот надоместок во целост.

Ослободувањата на комуналниот надоместок се однесува само за новопредвидени објекти за градба, а не за доградби и надградби од точка 3.3. и 3.4. од Програмата и за објекти кои се изградени без потребната градежна документација.

## 6. НАЧИН НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА КОРИСНАТА ПОВРШИНА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Трошоците за уредување на градежното земјиште се пресметуваат врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со следните коефициенти:

6.1. Станбени објекти

| | | |
|---|---|---|
| -станбени простории | | 1.0 |
| -станбени простории во поткровје со висина до 2.50 м | | 0.1 |
| -логија , балкон | | 0.2 |
| -помошни простории, остава за гориво, котлара, трафостаница во објект, визба | | 0.3 |
| -гаражи (максимум 50% од помошните простории во објекот) | | 0.1 |

6.2.Деловни, јавни и производни објекти

| | | |
|---|---|---|
| -простории<br>-магацин во функција на деловен објект(дуќан) | | 1.0<br>1.0 |
| -магацини, простории во визба | | 0.4 |
| -гаражи (максимум 30% од помошните простории во објекот) | | 0.1 |

6.3.Други објекти

| | | |
|---|---|---|
| -катна гаража | | 0.2 |
| -спортски покриени објекти | | 0.5 |
| -отворени пазаришта | | 0.2 од површината |

Дадената висина во табелата за поткровје од 2.50 м е максимална висина на поткровниот простор во средишниот дел на објектот. Во согласност со член 130 од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објектите ("Службен весник на РМ", број 69/99 и број102/00), поткровниот простор се јавува кај коси покриви на објектот, во зависност од урбанистичко-архитектонските услови на планската документација. Надоѕидот на фасадните ѕидови (освен на калканскиот ѕид) на поткровниот простор изнесува максимум 1.50м. рачунато од подот до почетокот на косината. Во поткровниот простор може да се обликува само една функционална целина (едно ниво) соодветна на објектот. Кај објектите со коси покриви, кота на венец претставува котата на горниот раб на заштитна стреа на основната кровна конструкција.

Согласно Правилникот ("Службен весник на РМ", број 69/99),не се применува коефициентот за поткровје за деловни објекти.

На деловите во поткровниот простор повисок од 2.50м. ќе се примени коефициент 1.00.

Начинот на пресметувањето ќе се изврши со множење на новата корисна површина со цена од соодветната зона .

Во корисната површина не се пресметува површината на ѕидови и други конструктивни елементи, инсталациони канали, окна за лифтови, скали,

тремови, ниши на врати, настрешници, базени, отворени тераси, паркиралишта и отворени спортски игралишта.

## 7. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И СРЕДСТВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Средствата во висина од 27.194.740,00 ден. ќе се користат за изградба на комунални објекти во градот, решавање на имотно правните односи, за изготвување на урбанистичка и инвестиционо-техничка документација.

**7.1.Изработување на урбанистичка документација**.

- Според Програмата Општината ја финансира изработката на урбанистички планови и одредени програмски задачи .(40% од износот за програма за изработка на урбанистичка документација.)

**вкупно: 1.227.600,00 денари**

**7.2. Изработување на инвестиционо - техничка документација**

7.2.1 Главен проект за улица бр 6 населба " Баби 6"

7.2.2. Главен проект за крстосница на ул."Сутјеска" и "Сремски фронт"

7.2.3. Главен проект за улици во населба "Мазги" наставување на ул. "Ленинова" и "Хо Ши Мин"

7.2.4. Главен проект за крак на ул. бр 2 кај "Алумина"

7.2.5. Главен проект за бул. "Железничка" од кружен тек до крстосница М5 и М6 (Три чешми).л=1.5км

**вкупно: 350.000,00 денари**

**7.3.Регулирање на имотноправните односи-------------------500.000,00 денари**

**7.4.Поголеми активности поврзани со уредување на градежно земјиште**

| | | |
|---|---|---|
| | Индустриска зона Север (пристапни улици и електрично напојување) | 6.000.000.00 |
| | Трговски центар "Сењак2" (пристапна улица и електрично напојување) | 2.150.000.00 |
| | Баби5 | |
| | -работна зона (водовод, канализација и паркиралишта) | 1.000.000.00 |
| | -станбена зона (водовод, канализација и пристапни улици) | 1.100.000.00 |
| | -станбена зона на ул "11ти Конгрес" (пристапни улици) | 1.600.000.00 |
| | Дел од индустриска зона- Стококооп (канализација и паркиралишта) | 1.000.000.00 |
| | Дузлак (водовод, канализација) | 600.000.00 |
| | Бензинска помпа Сењак (трафостаница) | 720.000.00 |
| | | |
| | Тротоари и потпорен ѕид на ул Гоце Делчев(огледало) | 900.000,00 |
| | "Блок 2000" (пристапни улици, водовод, канализација и електрично напојување) | 2.000.000,00 |
| | -реконструкција на ул."Ген. Михајло Апостолски"-( кај кулите) | 1.000.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | Изградба на фекална канализација на "Косовска " Radански пат","Тодор Коларов" | 1.000.000.00 |
| | Изградба на тротоари ул "АСНОМ",Сремски Фронт","Борис Крајгер" | 1.000.000,00 |
| | Реконструкција на улица"Вардарска" | 500.000.00 |
| | Учество во иницијатива на граѓани<br>-бетонирање на тротоари<br>-пристапни патеки<br>-потпорни ѕидови за пристапни патеки<br>-бетонирање на одводни канали<br>-други помали интервенции | 1.000.000,00 |

**21.570.000,00 денари**

**вкупно,7.1,7.2,7.3,7.4 23.647.600,00 денари**

**7.5. Трошоци на работење (15%) 3.547.140,00 денари**

**ВКУПНО: 27.194.740,00 денари**

## 8. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Уредувањето на градежното земјиште претставува континуиран процес кој се одвива во повеќе години и создава процеси и можности за иден развој на градот, поради што повеќе фазно со годишните програми се разрешуваат одредени потреби од уредувањето на градежното земјиште.

Во смисла на погоре кажаното, од причини што финансирањето се врши од познати и непознати инвеститори, динамиката на извршувањето на работите во уредувањето на градежното земјиште ќе зависи од:

- приливот на средствата преку надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- благовремено распишување на конкурси за доделување на земјиштето;
- ЈП "Штип-проект" со цел превземањето на мерки за регулирање на наплата на неплатениот надоместок за уредување на градежно земјиште за објекти со поголема изградена површина од онаа што е во проектната документација, разликата за комунален надоместок ќе ја регулираат со склучување на Анекс-договор со инвеститорите.
- По завршувањето на уредувањето на градежното земјиште комисиски да се предаде комуналната инфрастуктура на надлежните институции за одржување.

## 9. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма се грижи Јавното претпријатие за урбанизам и уредување на градежно земјиште "Штип-проект" - Штип.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип", а ќе се применува до донесувањето на Програмата за уредување на градежното земјиште за 2007 година.

Број 0701-511/1
17 февруари 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев

51.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТРАНСВЕРИ ДО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, ПОЕДИНЦИ, ФОНДАЦИИ, НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ И ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

I

Се објавува Правилникот за критериумите и постапка за реализација на трансвери до Здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-512/2
24 февруари 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

52.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 17 февруари 2006 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТРАНСВЕРИ ДО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, ПОЕДИНЦИ, ФОНДАЦИИ, НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ И ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

### Член 1

Со овој Предлог-Правилник се утврдуваат условите под кои може да се поднесе барање и критериумите и постапката за реализација на трансвери до

здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица.

Член 2

Средствата предвидени во буџетот на годишно ниво **за трансвери** до здруженија на граѓани, фондации и наменски дотации ќе се распределуваат за:

- Поддршка на спортските клубови и поединци од областа на спортот;
- Поддршка на здруженија и поединци од областа на техниката;
- Поддршка на здруженија и поединци од областа на културата, уметноста и образованието;
- Поддршка на физички лица.

Финансиска поддршка на клубовите и здруженијата од алинеја 1, 2 и 3 од овој член е можна доколку истите се регистрирани во надлежен суд на подрачјето на Општината Штип.

Финансиската поддршка се доделува врз основа на барање од барателот поднесено до Советот.

Член 3

Финансиска поддршка на спортските клубови и поединци од областа на спортот се доделува, и тоа:

- за учество на меѓународен натпревар на клубот во организација на балканска, европска или светска федерација во износ од 10.000 до 30.000 денари.
- за учество на меѓународен натпревар на поединци од клубовите како репрезентативци на РМ во организација на балканска, европска или светска федерација до 10.000 денари по учесник.

Спортски клуб или спортист-поединец за учество на меѓународни натпревари средствата во износ од став 1 на овој член може да ги користи само еднаш во текот на една календарска година.

Член 4

Финансиска поддршка на здруженија и поединци од областа на техниката ќе се доделува за учество на натпревари од областа на техниката, и тоа:

- меѓународни - до 20.000 денари

Средствата од став 1 на овој член може да се користат за организирање на изложби од областа на техниката од републичко или меѓународно ниво. На организаторот за оваа намена може да се додели финансиска помош во износ до 10.000 денари.

Средствата од став 1 и 2 на овој член може да се користат само еднаш во текот на една календарска година.

Член 5

Финансиска поддршка на здруженија, поединци, манифестации од областа на културата, уметноста и образованието ќе се доделува доколку истите со своите активности придонесуваат за афирмација на културата, уметноста и образованието како во рамките на општина така и надвор од неа.

За организирање културно-уметнички и образовни манифестации на нелокално ниво под покровителството на ЛС на организаторите од став 1 на овој член се доделуваат средства во износ до 10.000 денари.

За организирање културно-уметнички и образовни манифестации на државно ниво под покровителство на ЛС на организаторите од став 1 на овој член се доделуваат средства во износ до 20.000 денари.

За организирање и учество на културно-уметнички и образовни манифестации на меѓународно ниво на организаторот се доделуваат средства во износ до 30.000 денари.

Финансиска поддршка од член 5 може да се додели само еднаш во текот на една календарска година.

Член 6

Средствата предвидени во буџетот на годишно ниво за еднократна парична помош на физички лица (поединци) ќе се распределуваат како еднократна парична помош според следните критериуми:

1. Лекување со оперативен зафат надвор од државата - 8.000 денари
2. Лекување надвор од државата - 6.000 денари
3. Лекување со оперативен зафат во државата - 4.000 денари
4. Лекување со соодветни испитувања - 3.000 денари

Составен дел на барањето е медицинска документација со која подносителот на барањето располага.

Член 7

Еднократна парична помош ќе се доделува на семејства настрадани од елементарни непогоди (пожари, поплави).

Помошта во зависност од причината штета е од две категории:

- Прва категорија - 20.000 денари
- Втора категорија - 10.000 денри

Составен дел на барањето е записникот од извршениот увид и проценетата штета од СВР-Штип.

Член 8

Предност за користење на средствата согласно член 6 и 7 ќе имаат:

- жители на Општина Штип
- непотполни семејства
- самохрани родители
- семејства во кои живеат хендикепирани лица
- семејства во кои не работи ниту еден член
- семејства во кои работи само еден член од семејството

Барателите се должни да достават решение или потврда за социјалната положба од надлежна институција.

Член 9

За манифестации кои бараат повеќе средства од средствата утврдени со овој Правилник Советот донесува посебна одлука.

Член 10

Средствата предвидени во буџетот, по утврдените критериуми со овој Правилник ги доделува Советот на Општината Штип по предлог на Комисијата за општествени дејности, Комисијата за буџет и финансии, Комисијаат за спорт и Комисијата за полова еднаквост во рамки на своите надлежности.

Член 11

Предлог-Правилникот влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-512/1
17 февруари 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

53.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА
## ЗА ПОТРОШЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА НОВА ГОДИНА
## И КОЛЕДЕ

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за потрошените средства за Нова година и Коледе.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-513/2
24 февруари 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

54.

Врз основа на член 21 точка 36 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 17 февруари 2006 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА
## ЗА ПОТРОШЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА НОВА ГОДИНА
## И КОЛЕДЕ

I

Се усвојува Информацијата за потрошените средсва за Нова година и Коледе, со следните **заклучоци**:

- Програмата за Нова година и Божикните празници да се изготви и достави неколку месеци пред Нова година за да има можности истата навреме да се реализира.
- Од Програмата да се издвојат новогодишните декорации и пропаганден материјал.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-513/1
17 февруари 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

55.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ОСТВАРЕНИТЕ ПРИХОДИ ОД КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ ПРЕД ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за остварените приходи од комунална такса за користење на просторот пред деловните простории.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-514/2
24 февруари 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

56.

Врз основа на член 21 точка 36 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 17 февруари 2006 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ОСТВАРЕНИТЕ ПРИХОДИ ОД КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ ПРЕД ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ

I

Се усвојува Информацијата за остварените приходи од комунална такса за користење на просторот пред деловните простории, со следните **заклучоци**:

- Одделението за комунални дејности да ги задолжи сите корисници на јавно сообраќајните површини без разлика на нивната дејност.
- По Информацијата Мислење да даде и Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-514/1
17 февруари 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

57.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ "Д-Р ПАНЧЕ КАРАЃОЗОВ"-ШТИП

I

Се објавува Решението за дополнување на Решението за именување член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом "д-р Панче Караѓозов"-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-515/2
24 февруари 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

58.

Врз основа на член 135 став 3 од Законот за здравствена заштита ("Службен весник на РМ", број 38/91, 46/93, 55/95 и 10/04) и член 21 точка 22 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 17 февруари 2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ "Д-Р ПАНЧЕ КАРАЃОЗОВ"-ШТИП

1. Во Решението за именување член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом "д-р Панче Караѓозов" ("Службен гласник на Општината Штип", број 12/05), во точката 1 после зборовите: "д-р Митко Ристов" се додаваат зборовите:"и прим. м-р Илчо Захариев".

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-515/1
17 февруари 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

59.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИСПЛАТА НА ДОЛГ НА БК "БАЛКАНЕЦ"

I

Се објавува Одлуката за исплата на долг на БК "Балканец".

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 08-516/2 | Градоначалник |
| 24 февруари 2006 година | на Општината Штип, |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

60.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 48 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 17 февруари 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИСПЛАТА НА ДОЛГ НА БК "БАЛКАНЕЦ"

Член 1

Долгот на БК "Балканец" за електрична енергија за 2005 година према ЕСМ-Електродистрибуција-Штип да се исплати од средствата на буџетот на Општината Штип.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 0701-516/1 | Претседател |
| 17 февруари 2006 година | на Советот на Општината Штип, |
| Ш т и п | прим. м-р Илчо Захариев, с. р. |

61.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ОД МЗ "ЉУБОТЕН"
## ЗА ОТКЛОНУВАЊЕ НА ДЕФЕКТОТ НА ВОДОВОДОТ

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Барањето од МЗ "Љуботен" за отклонување на дефектот на водоводот".

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-517/2
24 февруари 2006 година
Штип

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

62.

Врз основа на член 21 точка 36 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 17 февруари 2006 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ОД МЗ "ЉУБОТЕН" ЗА ОТКЛОНУВАЊЕ НА ДЕФЕКТОТ НА ВОДОВОДОТ

I

Се усвојува Барањето од МЗ "Љуботен" за отклонување на дефектот на водоводот, со следните **заклучоци**:

- ЈП "Исар" да помогне при отстранувањето на дефектот на водоводот со ископ и работна рака а потребните делови за ставање во функција на водоводот да ги обезбеди МЗ "Љуботен".
- Понатамошното одржување на водоводот Месната заедница "Љуботен" да го реши со договор за одржување со ЈП "Исар".

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-517/1
17 февруари 2006 година
Штип

Претседател
на Советот на Општината Штип
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

63.

Врз основа на член 32 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на седницата одржана на 22 февруари 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА МОБИЛНА ТЕЛЕФОНИЈА ОД СТРАНА НА СОВЕТНИЦИТЕ И РАКОВОДИТЕЛИТЕ НА СЕКТОРИТЕ И ОДДЕЛЕНИЈАТА ВО ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Се определува месечен надоместок за користење на мобилна телефонија во износ од 800,00 денари плус пресметан данок на додадена вредност, за секој член на Советот на Општината Штип, градоначалникот и раководителите на секторите и одделенијата во Општина Штип.

Износот над дозволениот лимит од став 1 на овој член ќе го надоместува секој корисник на број самостојно од свои средства по истекот на календарскиот месец во кој е пречекорен лимитот.

Одделението за буџет и финансии го задржува правото од надоместокот што му следува на секој член на Советот согласно Одлуката за определување надоместоци на членовите на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 5/05 и 2/06) да го намали за износот над утврдениот лимит од став 1 на овој член, доколку корисникот на бројот самостојно не ја извршил уплатата од став 2 на овој член.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 12-528/2
22 февруари 2006 година
Ш т и п

Комисија за мандатни прашања,
избор и именувања
Претседател,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
| --- | --- | --- |
| 41. | Решение за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување надоместоци на членовите на Советот на Општината Штип | 60/2 |
| 42. | Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување надоместоци на членовите на Советот на Општината Штип | 60/2 |
| 43. | Решение за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за поранешна ПИ "Македонка"-Штип | 61/2 |
| 44. | Одлука за донесување на Детален урбанистички план за поранешна ПИ "Македонка"-Штип | 62/2 |
| 45. | Решение за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Индустриска зона "Север"-Штип | 62/2 |

| | | |
|---|---|---|
| 46. | Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Индустриска зона "Север"-Штип | 63/2 |
| 47. | Решение за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-Генерален урбанистички план за 2010 (Бензински станици) - Општина Штип | 64/2 |
| 48. | Одлука за утврдување на Нацрт-Генерален урбанистички план за 2010 (Бензински станици) - Општина Штип | 64/2 |
| 49. | Решение за објавување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Штип за 2006 година | 65/2 |
| 50. | Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Штип за 2006 година | 66/2 |
| 51. | Решение за објавување на Правилникот за критериумите и постапка за реализација на трансвери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица | 78/2 |
| 52. | Правилник за критериумите и постапка за реализација на трансвери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица | 78/2 |
| 53. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за потрошените средства за Нова година и Коледе | 81/2 |
| 54. | Заклучок за усвојување на Информацијата за потрошените средства за Нова година и Коледе | 81/2 |
| 55. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за остварените приходи од комунална такса за користење на просторот пред деловните простории | 82/2 |
| 56. | Заклучок за усвојување на Информацијата за остварените приходи од комунална такса за користење на просторот пред деловните простории | 83/2 |
| 57. | Решение за објавување на Решението за дополнување на Решението за именување член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом "д-р Панче Караѓозов" - Штип | 83/2 |
| 58. | Решение за дополнување на Решението за именување член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом "д-р Панче Караѓозов" - Штип | 84/2 |
| 59. | Решение за објавување на Одлуката за исплата на долг на БК "Балканец" | 84/2 |
| 60. | Одлука за исплата на долг на БК "Балканец" | 85/2 |
| 61. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Барањето од МЗ "Љуботен" за отклонување на дефектот на водоводот | 85/2 |
| 62. | Заклучок за усвојување на Барањето од МЗ "Љуботен" за отклонување на дефектот на водоводот | 86/2 |
| 63. | Одлука за определување надоместок за користење на мобилна телефонија од страна на советниците и раководителите на секторите и одделенијата во Општината Штип | 86/2 |